


# Специјалист за развој на процеси за население

## Specialist for retail processes

**Локација:** СКОПЈЕ

**Оддел:** Служба за развој на процеси за население

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство**
**Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000**
**клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилитет**
**и сигурност**

### Што ќе биде твојата улога

- Дизајнирање на нови процеси и активно учество во развој, унапредување и оптимизација на процесите за работа со население – физички лица;
- Редовно следење на процесите и учество во изработка и ажурирање на интерни процедури и инструкции за продажната мрежа;
- Подготовка и спроведување на обуки поврзани со процесите за вработените во експозитурите;
- Учество во проекти, тестирање и имплементација на нови софтверски и дигитални решенија кои ќе го унапредат работењето на банката;
- Следење на законски и регулаторни измени, препораки од интерна ревизија и нивна имплементација во процесите;

### Кои квалификации се потребни

- Минимум ВСС;
- Познавање на процеси во финансиски институции и високо ниво на бизнис свесност
- Одлични аналитички способности и способности за работа со алатки за моделирање(BPMN, flowcharts, task-tracking софтвери);
- Одлични организациски вештини, способност за одредување приоритети, тимска работа;
- Проактивност и иницијатива
- Активно познавање на работа со компјутер (MC Office);
- Познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);

### Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **12.03.2026 година** со назнака **„Апликација за Специјалист за развој на процеси за население “.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!